КУЛТУРА

*Датум: 08.01.2013, 18:00*

МАКЕДОНИЈА 20 ГОДИНИ НА ГОЛЕМАТА БИЕНАЛНА ИЗЛОЖБА ВО ВЕНЕЦИЈА

Ми се допаѓа 0

# ДОБРИ ПРОЕКТИ, НО ЛОША ЛОГИСТИКА ЗА ВЕНЕЦИЈА




Колку вложувате, толку ви се враќа. Ова е кратка дефиниција на кој начин Македонија се претставува на престижното Биенале на ликовната уметност во Венеција, вели скулпторот Гоце Наневски. Пред пет години тој со своето дело „Педесет или педесет“ ја претставуваше нашата земја на големата манифестација.

Темата е и денес актуелна, особено што деновиве тимот кој ќе ја претставува земјава на годинашната, 55. изложба, замина во Венеција, во потрага по простор каде што ќе биде изложено делото. Уметницата Елпида Хаџи-Василева и кураторот Ана Франговска од Националната галерија на Македонија најавија дека посебно внимание ќе обрнат на пиарот и на логистичката поддршка на нашето претставување.

Венецискoто биенале, на кое секоја втора година се претставуваат национални ликовни проекти, но и поединечни уметнички дела, не е единствената манифестација од таков тип во светот. Но, само таму, веќе 20 години, Македонија национално се претставува.

- Тоа го третираме како национално претставување, така и го доживуваме. Македонија би требало повеќе да се вложи во таа приказна бидејќи навистина светот на уметноста веќе инсистира на едно многу повисоко ниво, од она што ние го третираме тука, па како еден таков пакет го пласираме таму. Знам дека сето тоа е многу скапо. Секој квадратен сантиметар за да поставите плакат во Венеција чини многу пари. Да не зборуваме за транспортот, за локалниот транспорт со брод, многу пари чини изнајмувањето простор, менаџирањето со сето тоа. Но, некои држави за кои ние, во оваа средина, сметаме дека не се вложуваат којзнае колку во сето тоа, покажа нешто сосема спротивно - објаснува Наневски.

Украина вложи милион евра

Според него, добар пример за тоа е Украина. Во 2009 година нејзината национална уметност беше претставена преку проектот „Степите на сонувачите“ на Илја Чичкан од Киев и Јапонецот Михара Јасухиро. Покрај украинското министерство за култура, проектот го финансирале и милијардерот и филантроп Виктор Пинчук, преку неговата фондација и уметничкиот центар во Киев и компанијата „Немироф“. Плакати и банери биле поставени низ цела Венеција, а на плакатот позирал познатиот боксер Владимир Кличко. На забавата по официјалното отворање настапи и познатата група „Верка Сердјочка“.

- Беа вложени многу пари. Но затоа на отворањето на нивниот павилјон во Венеција дојдоа многу луѓе и медиумски беше одлично проследено. Се појавија мејнсрим-ликови како Наоми Кембел со милијардерот Владислав Доронин, дизајнерот Марк Џејкобс, значајни министри за култура од други земји. Имаше големо ехо во ликовната јавност, бидејќи во тој момент во Венеција се наоѓаат сите релевантни институции, историчари на уметност кои ја третираат современата уметност, менаџери. На какво ниво сакате, така ќе се претставите во Венеција - вели Наневски.

Тој смета дека претставувањето на Македонија на оваа манифестација треба да биде по сите светски норми и стандарди, а потоа на ист начин да продолжи и грижата за тоа уметничко дело.

- Нашата земја вложува многу пари за учеството на Биеналето. За моето претставување вложи 40.000 евра, но Украина не вложи помалку од еден милион евра. Знам дека парите треба некој да ги најде, но знам и дека како ќе се претставите, каква логистика ќе имате, таква ќе биде и вашата слика - вели Наневски.

Да се покачи нивото

Кога се вратил од отворањето на изложбата во Венеција, запаметил еден наслов во нашите весници. Пишувало дека Македонија повторно не добила награда на Биеналето.

- Си помислив „нема ни да добие“. Не дека немаме капацитет, напротив! Но, и таму постојат големи и мали играчи. Треба да најдеме средства и малку добра волја, нашиот павилјон да го организираме на високо ниво. Сигурен сум дека имаме капацитет да оставиме силен впечаток, па можеби и награда да добиеме. Но многу е важно кои луѓе ќе дојдат во павилјонот, на отворањето или подоцна. Има норми според кои се прави едно ликовно претставување - вели тој.

На прашањето дали по речиси четири години е задоволен од неговото претставување на Биеналето, тој одговара.

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- Беса не сака компромиси, СДСМ вели дека до понеделник ќе преговара
- Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот
- Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ
- Пратеникот од СДСМ Павле Богоевски учествувал и организирал демонстрации против Вучиќ
- Вонпарламентарни десноориентирани партии во служба на

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook
Dnevnik / Дневник
61,365 likes
Like Page Share

НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

- Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја
- Болни амбиции и државно раскрчмување
- Загадување посилно од судбината
- Фашистички калифат
- Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија

- Тогаш не бев задоволен, сега сум уште помалку, бидејќи нештата ги гледам од дистанца. Од тоа што го видов таму и од подоцнежните учества на други слични манифестации, можеше да се направи многу повеќе за да биде поорганизирано. Не само од логистички аспект, туку и за маркетингот. Македонија можеше да покани многу луѓе да го видат делото. Во тој дел се направи малку, речиси ништо, за разлика од други, кои правеа спектакли - вели Наневски.

Неговото учество на биеналето го организира Националната галерија на Македонија. Таа година имавме двајца претставници на манифестацијата. Беше претставен и проектот „Моето сонце“ на Никола Узуновски, чија логистика беше на Музејот на град Скопје.

Весна И. Илиевска
#

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

- Струшкото кино со нова опрема ќе ја враќа публиката
- И дрвото има душа

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

5610

КОМЕНТИРАЈ

**mitre nestorovski**, 09.01.2013 08:34:48
odlicno



АНТЕНА >>



ПУБЛИКА >>



ЗДРАВЈЕ >>

© 2006 - 2013 Дневник | Сите права задржани | Powered by Nextsense webBuilder | XML